Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-453/1
06.05.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-734/1 од 17.10.2025 година поднесена од -----, против -----, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- врз -----.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-734/1 од 17.10.2025 година, поднесена од страна на ----- за сторена дискриминација врз во областа на работата и работните односи, од страна на ----- (во продолжение: -----), а врз основа на периодот кога му прекинал работниот однос поради исполнување на условите за старосна пензија.

Оттука, подносителот наведува дека предметната претставка ја поднесува поради неисплата на отприемнина при заминување во пензија, со образложение дека е ставен во понеповолна положба во споредба со други вработени во иста институција и при исти услови. Оттука, наведено е дека поради примената на член 8-а од Изборниот законик на Република Северна Македонија, исплатата на отприемнината е одложена, а истата му следи на подносителот согласно Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор, каде што е предвидено дека при заминување во пензија вработениот има право на две просечни месечни нето пати како отприемнина.

Во оваа насока, подносителот на претставката наведува дека е дискриминиран во однос на вработените кои заминале во пензија пред распишувањето на изборите и ја добиле својата отприемнина, како и во однос на вработените кои ќе заминат во пензија по завршувањето на изборите и ќе можат да го остварат тоа право. Оттука, подносителот смета дека ваквото различно постапување, базирано исклучиво на временски момент и на примената на изборен закон кој не е поврзан со работните односи, претставува нееднаков третман без објективно оправдување што според него, претставува дискриминација.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.10.2025 година испрати Известување бр. 08-734/2 за произнесување по наводите од претставката до -----.

На ден 14.11.2025, до Комисијата беше доставено произнесување од страна на -----. Оттука, во произнесувањето е наведено дека согласно член 8-а од Изборниот законик, од денот на донесување на одлуката за распишување на избори, до завршување на изборот, не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средствата на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови.

Оттука, се наведува дека -----, со денот на завршување на изборите, односно со објавата на Заклучок за завршување на Локални избори 2025 година, за Избор на членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, од страна на Државната изборна комисија, со архивски број 08-3716/5 од 12.11.2025 година, е известено дека заклучно со 12.11.2025 година изборите се завршени, ----- почна со исплати на отпремнините за лицата кои во периодот на изборната кампања заминале во пензија.

Во прилог на произнесувањето е доставен и извод од платен промет од кој може да се утврди дека на подносителот на претставката му била исплатена отпремнина на ден 13.11.2025 година.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката и доставеното произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз -----, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Дополнително при одлучувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го имаше предвид и член 8-а став 1 од Изборниот законик, кој гласи:

***„ (1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во***


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

***Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:***

*- да се започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од Буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,*

***- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори** и*

*- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.“*

Имајќи го претходно наведеното во предвид, а дополнително ценејќи го и фактот дека следниот ден откако било доставено официјално известување и заклучок за завршување на локалните избори одржани во 2025 година, поранешниот работодавач на подносителот на претставката ја исплатил отпремнината за заминување во пензија и за истото достави соодветен доказ во прилог на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека ----- постапила во согласност во важечката законска регулатива и притоа, не извршила дискриминација со таквото постапување кон подносителот на претставката за заштита од дискриминација - -----.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk